Развојни цели

☞***Подобрување на квалитетот во наставата преку примена на иновативна настава и ИКТ***

☞***Континуирана соработката со медицински лица и институции како соработници во остварувањето на целите за унапредување на здравјето на учениците.***

Оценување на постигањата на учениците

Излезни елементи од работата на училиштето ќе бидат стекнатите знаења и резултати што ги постигнуваат учениците од секојдневното работење а ги согледуваат наставниците преку интерно проверување по усмен или писмен пат, како и од проверки што ќе ги направи педагогот и директорот во училиштето. Исто така резултатите ќе бидат утврдени и со екстерно проверување кое ќе биде организирано од МОН и Државниот испитен центар.

Оценувањето на постигањата на учениците во ООУ„Ристо Шуклев“ Негорци се спроведува согласно Законот за основно образование и во согласност со Критериумите за оценување и Стандардите за оценување.

Наставниот кадар во ООУ„Ристо Шуклев“ Негорци, педагогот и директорот завршија неколку обуки за оценување – обуки за описно оценување, дијагностичко, формативно и сумативно оценување. Секој наставник е задолжен да изработи план за оценување според Критериумите и Стадардите за оценување притоа користејќи разни методи на оценување.

Лична карта на училиштето

Во состав на училиштето работи и подрачното училиште во Прдејци

училиште	одделение	Пара-лелки	машки	женски	вкупно ученици
Негорци	I -VIII	11	113	103	216
Прдејци	I - IV	2	10	9	19
ООУ„Ристо Шуклев“	***I - VIII***	***13***	***123***	***112***	***235***

Вработени во училиштето

Директор	1
Педагог	1
Наставници	20 (уште 3 наставници дополнуваат од друго училиште)
Секретар - благајник	1
Технички персонал	4
Вкупно	27



ООУ„ Ристо Шуклев“ Негорци
Ул. „Маршал Тито“ бб
Тел./Факс. 034/ 231 209
E-mail: ouristo_suklev@yahoo.com
oouristosuklev@gmail.com
web: www.oouristosuklev.edu.mk

ООУ„РИСТО ШУКЛЕВ“ НЕГОРЦИ

ИНФОРМАТОР

За организацијата и работата на училиштето за учебната 2011/2012 година (за ученици и родители)

МОТО

” Здравјето и знаењето основни начела за продуктивен живот”

Мисија на училиштето

Учениците да имаат хармоничен развој со многу стекнати знаења и вештини, развиена граѓанска свест за припадност на РМакедонија и грижа за сопственото здравје и здрава околина.

Визија на училиштето

„Да ги изградиме нашите ученици во здрави и одговорни личности, со стекнати квалитетни и применливи знаења и вештини.“

Организација на воспитно-образовната работа

Наставата се организира по одделенија во три периоди:

1. Првиот период е од I-III одд. и постигањата на учениците се оценуваат описно. Само на крајот на учебната година учениците добиваат свидетелство со описни оцени.
2. Вториот период е од IV-VI одд. а оценувањето е описно и бројчано. Учениците на крајот на првото полугодие добиваат известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година свидетелство со бројчани оценки и среден успех. Во овој период постепено се воведуваат и изборни предмети.
3. Третиот период е од VII-IX одд. а оценувањето е бројчано и учениците на крајот на првото полугодие добиваат известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година свидетелство со бројчани оценки и среден успех.

Наставата за учениците од I –VI одд се реализира според наставните програми за деветгодишно образование и за учениците од VI-VIII одд според наставните програми за осумгодишно образование.

Организираност на воспитно-образовниот кадар

Стручни органи и тела

- ***Одделенски раководител***

Одделенски совет - *Совет на одделенски наставници*
- Совет на предметни наставници

Наставнички совет

Стручни активи - *одделенска настава*
- општествени предмети
- природни предмети
- ФЗО, музичко и ликовно образ.

Орган на раководење ***Директор***

Организираност на родителите е преку
Советот на родители и Училишниот одбор
Соработката со родителите се остварува преку:
- индивидуални контакти;
- родителски состаноци;
- отворен ден (последна среда во месецот) и
- вклучување на родители во организација на училиштето

- советување на родители на ученици кои имаат негативна оценка по 3 или повеќе предмети, имаат направено повеќе од 10 неоправдани или 100 оправдани, покажуваат недисциплина, се однесуваат неетички и насилно, го навредуваат наставникот и се однесуваат асоцијално.

Структурни подрачја на воспитно-образовната работа

Целта на основното образование е да овозможи индивидуален развој на учениците преку:
- стекнување основни знаења за природата, општеството и човекот ***(образовна компонента)*** -
- развивање интелектуални и воспитни вредности на личноста на ученикот ***(воспитна компонента)***
- оспособување за примена на стекнатите знаења и способности ***(функционална компонента)***

Воспитно-образовната дејност на училиштето ја сочинуваат следниве подрачја:

☞ **Настава**

- задолжителна (сите наставни предмети според наставниот план)
- изборна (образование на животни вештини во I, II, III, IV и Vодд, работа со компјутер во III, IV иVодд, т, етика на религиите во VI одд (деветгодишно), проекти од ликовната уметност во VI одд, (осумгодишно) проекти од музичката уметност во VII и VIII одд.

На часот на одделенската заедница се реализира програма за Образование за животни вештини.

Во реализацијата на наставната програма ќе се интегрираат е колошки содржини од проектот Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.

дополнителна (за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето)
- додатна (за ученици кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети)

☞**Воннаставни активности**
- слободни ученички активности
- ученички натпревари
- заедница на учениците
- општествено-корисна работа
- ученички екскурзии

Организираност на учениците е преку

- Ученичка заедница;
- Детска организација и
- Подмладок на Црвен крст

Куќен ред

Наставата се изведува во ***една*** смена и започнува во ***8:00***, а трае до ***14:15*** часот. Наставниот час трае ***40 минути.***

Кодекс на однесување за учениците

Доаѓај на училиште редовно и на време!
Грижи се за училишниот простор и имот!
Грижи се за личната хигиена и хигиената во училиштето!
Биди совесен и одговорен!
Изгледај и облекувај се пристојно и уредно!
Зборувај без да користиш непристојни зборови!
Не предизвикувај и не учествувај во каранци и физички пресметки!
Движи се низ училишните простории тивко и примерно!
Покажи грижа и почит кон своите наставници и кон останатите ученици!

- Кажи го своето мислење но послушај го и почитувај го и туѓото мислење кое може да биде и различно од твоето!
- Исполнувај ги своите училишни задолженија најдобро што можеш!
- Биди внимателен и активен на часовите!
- Редовно носи училиштен прибор!
- Прашај ги своите наставници за се она што не го разбираш!
- Разговарај со своите наставници за она што ти се случува во училиштето и надвор од него!
- Разговарај со своите родители за она што го учиш во училиштето, што ти се случува и како се чувствуваш во училиштето!
- Помагај им на помалку успешните ученици!
- Не користи мобилен телефон за врема на часовите!
- Не носи вредни предмети и повеќе пари во училиште, бидејќи твоја е осговорноста доколку се загубат!
- На часовите не е дозволено да се џвакаат мастики, како и истите да се лепат на клупите и столчињата!
- Отпоздрави го наставникот кога ќе влезе во училница!
- За време на часот не излегувај во тоалет!
- Престојувај во училишниот двор за време на големиот одмор кога времето не е студено!
- Не излегувај од училишната зграда меѓу часовите освен за време на големиот одмор!
- Не приговарај на опомените на дежурните наставници и ученици!